Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1983 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1983 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3312
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Републичкиот буџет за 1983 година (Буџет) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Републичките органи на управата и републичките организации и другите корисници на средствата на Буџетот (републички органи на управата — корисници на средствата) се должни средствата утврдени во Буџетот да ги користат раководејќи се од начелото на рационалност и штедење.

Член 3

Корисниците на средствата можат да создаваат обврски до 31 декември 1983 година, само во границите на со Буџетот распоредените средства за определени намени.

Ако средствата утврдени со Буџетот за одделни намени не се доволни, корисниците на средствата треба да покренат иницијатива во првото полугодие од годината за измена на прописите и на другите акти заради усогласување на обврските според тие прописи со средствата обезбедени со Буџетот.

Член 4

Во Постојаната резерва на Социјалистичка Република Македонија се издвојува 1% од приходите на Буџетот.

Основица за пресметување на средствата од став 1 на овој член претставуваат остварените приходи на Буџетот за 1983 година намалени за износот на придонесот за намирување на потребите на Федерацијата, за износот на дополнителните средства на општините, за износот на средствата за компензации, премии, регреси и за пополнување на стоковните резерви.

Член 5

За употребата на средствата на Постојаната резерва на Социјалистичка Република Македонија за намените од член 53 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката, одлучува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија (Извршен совет).

Член 6

Средствата на Буџетот, распоредени за работа на републичките органи на управата, ќе се користат и тоа:

1) средствата што работниците ги стекнуваат како доход на работната заедница (средства за лични доходи и средства за заедничка потрошувачка) — врз основа на финансискиот план; и

2) средствата за материјални трошоци и посебни намени врз основа на планот за потребните средства за работа на органот на управата, односно за средствата за посебни намени за кои се донесени програми — според тие програми.

Ако средствата за посебната намена изнесуваат над 10.000.000 динари, се користат врз основа на одлука на посебна комисија на Извршниот совет, доколку за користењето на овие средства не одлучува посебно колегијално тело формирано од Собранието на СР Македонија или Извршниот совет, односно врз основа на нивни прописи.

За користењето на средствата за посебни намени во колегијалните органи на управата одлучува колегијалниот орган.

За користењето на средствата одобрени за извршување на задачите што ќе ги извршува непосредно републичкиот орган на управата, договорот со непосредниот корисник го склучува функционерот што раководи со републичкиот орган на управата.

Со одлуката од став 2 на овој член се утврдува особено висината на средствата за поблиските намени и начинот на користењето на средствата од крајниот корисник. Одлуката ја извршува функционерот што раководи со републичкиот орган на управата.

Член 7

Измената на намените и висината на средствата за посебни намени утврдени во Буџетот ја врши Извршниот совет, а за средствата за посебни намени на Собранието на СР Македонија — Комисијата за избор и именување на Собранието на СР Македонија.

Член 8

Средствата за набавка на опрема на републичките органи на управата и републичките организации во Раздел 4 — Извршен совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија позиција 41, ќе се извршуваат врз основа на одлука на комисија што ја формира Извршниот совет.

Член 9

Средствата предвидени во Раздел 9 позиција 106 за финансирање на програмите за изградба и опремување на правосудните згради и казнено-поправните домови ќе се користат во зависност од остварувањето на приходите на Буџетот по основа на судски такси, а најмногу до износот утврден во Буџетот.

За користењето на средствата од став 1 на овој член ќе се изготвува шестомесечен извештај и ќе се доставува до Извршниот совет.

Член 10

Средствата за спроведување на Законот за државната управа и за усогласување на личните доходи на функционерите и раководните работници, утврдени во Раздел 10 позиција 117, ќе се користат врз основа на одлука на Извршниот совет, а во зависност од остварувањето на програмите за работа на републичките органи на управата.

Член 11

Средствата за назначување на приправници, предвидени во Раздел 10 позиција 122, ќе се извршуваат врз основа на одлука на Извршниот совет, Собранието на СР Македонија, односно Претседателството на СР Македонија.

Член 12

Средствата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката, предвидени во Раздел 10 позиција 118, ќе се користат преку посебна сметка.

Распоредот на средствата од став 1 на овој член по одделни корисници и намени го врши Извршниот совет.

Член 13

Средствата за извршување на обврските на Републиката за посебен додаток на пензија, како и за обврските по основ на пензиското и инвалидското осигурување утврдени со закон, предвидени во Раздел 10 позиција 129, ќе се користат според динамиката и начинот што се утврдува со договор меѓу Извршниот совет и Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 14

Средствата предвидени во Раздел 22 позиција 274, за трошоци за одделни радиоемисии и програми на странски јазици и јазиците на народностите во Републиката, ќе се користат како учество на Републиката во висина до 50% од тие трошоци. За користењето на средствата одлучува Извршниот совет.

Член 15

Средствата предвидени во Раздел 62 — Средства за финансирање на потребите на другите општествено-политички заедници, ќе ги извршува функционерот што раководи со републичкиот орган на управата надлежен за работите на финансиите.

Дополнителните средства за финансирање на општите општествени потреби на општините им се ставаат на располагање на општините, по правило, во еднакви месечни износи по истекот на месецот и во сообразност со резултатите од наплатувањето на приходите на населението.

Член 16

Средствата предвидени во Раздел 63 — Средства за компензации, премии, регреси и стоковни резерви ќе се користат врз основа на одлуките што ќе ги донесе Извршниот совет, односно според програмата за стоковните резерви.

Член 17

Приходите што ќе ги остварат републичките органи на управата од вршењето на услуги, намалени за материјалните расходи направени за остварување на тие приходи, ќе се внесат во Буџетот, освен приходите на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, Казнено-поправниот дом — Идризово, Воспитно-поправниот дом — Тетово, Републичкиот хидрометеоролошки завод и Матицата на иселениците од Македонија.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот секретаријат за внатрешни работи ќе ги користи за набавка на опрема и за други потреби од Програмата за модернизација на Службата за внатрешни работи од надлежност на Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Казнено-поправниот дом — Идризово и Воспитно-поправниот дом — Тетово, ќе ги користат за опрема на домовите и за други материјални трошоци.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот хидрометеоролошки завод ќе ги користи за набавка на опрема според Програмата за развој на хидрометеоролошките работи од општ интерес за Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Матицата на иселениците од Македонија ќе ги користи за издавачка дејност.

Приходите од став 1 на овој член ќе се уплатуваат на сметка на Буџетот најмалку еднаш во три месеци со поднесувањето на периодичната пресметка.

Член 18

Ако приходите што во својата дејност ги остваруваат републичките органи на управата, како и други приходи што му припаѓаат на Буџетот, ќе бидат погрешно наплатени или ќе се наплатат во износ поголем од пропишаниот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа предимно на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а ако такви приходи нема — на товар на другите видови на приходи.

Решение за враќање на приходите од став 1 на овој член, донесува републичкиот секретар за финансии.

Член 19

Ако средствата на Буџетот распоредени по корисници на средства бидат погрешно исплатени или исплатени во износ поголем од пропишаниот, погрешно или повеќе исплатениот износ ќе се врати во Буџетот.

Решение за враќање на средствата од став 1 на овој член донесува републичкиот секретар за финансии, ако со закон поинаку не е определено.

Член 20

Средствата од Буџетот за посебни намени и материјални трошоци, кои се распоредени на корисниците на средствата, а не се потрошени, се враќаат во Буџетот најдоцна до 31 јануари 1984 година, доколку со закон или друг акт на Собранието на Социјалистичка Република Македонија поинаку не е определено.

Член 21

Барателите на вештачење од член 9 од Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот („Службен весник на СРМ“ број 9/77), кои се финансираат од буџетите на општините, ќе му ги надоместуваат трошоците за судски вештачења на Заводот што тој ќе ги изврши по кривични предмети што се водат по службена должност и за вештачењата по прекршочната постапка, откако ќе ги наплатат од осудениот, односно казнетиот.

Член 22

Од нераспоредениот дел од приходите (тековната буџетска резерва), не можат, по правило, да се одобруваат средства по барање за намени што не се усвоени при донесувањето на Буџетот.

Член 23

Буџетот се извршува од 1 јануари до 31 декември 1983 година.

По исклучок од став 1 на овој член, обврските по основ на придонесот на Буџетот на Федерацијата можат да се извршуваат до 31 јануари 1984 година.

За намирување на обврските од став 2 на овој член, ќе се користат приходите што ќе се наплатат до крајот на јануари 1984 година, а кои се однесуваат за 1983 година.

Член 24

Од средствата за амортизација на објектите на републичките органи на управата, предвидени во Буџетот, 80% се внесуваат на посебна сметка од член 12 на овој закон, ако со одделен закон не е определено поинаку.

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат за реализација на Програмата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката.

Член 25

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1983 година.

**714.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за републичките даноци на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3347
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

## З А К О Н
### ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Социјалистичка Република Македонија ги воведува следниве републички даноци:

1. Данок од личен доход на работниците;
2. Данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност;
3. Данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност; и
4. Данок на вкупниот приход на граѓаните.

Член 2

Републичкиот данок од личен доход на работниците се плаќа:

— од личниот доход по стапка од 0,5%;

— за примањата од работен однос на уживателите на пензија, кои врз основа на таквата работа немаат својство на осигуреник и на примањата за работа подолга од полното работно време по стапка од 50%.

Член 3

Републичкиот данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност се плаќа по следниве стапки:

1. За обврзниците на кои земјоделската дејност им е единствено занимање;

— во ридско-планинските и погранични подрачја не се плаќа, а

— во другите подрачја — 1,5%.

2. За обврзниците на кои земјоделската дејност не им е единствено занимање — 25%.

Стапката од став 1 точка 2 на овој член се намалува за висината на стапката што ќе ја пропише општината за општинскиот данок за овие обврзници.

Член 4

Републичкиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност се плаќа по стапка од 0,5%.

Член 5

Републичкиот данок на вкупниот приход на граѓаните од редовните лични доходи по основ на единствено занимање (личен доход од редовен работен однос, самостојно вршење на земјоделска, стопанска и професионална дејност или авторски права), се плаќа по следниве стапки:

| Ако основицата на данокот изнесува | | | Се плаќа данок износ и стапка | На основ. над |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 2 | 3 |
| | до | 10.000 | 2% | |
| 10.000 | до | 20.000 | 200 + 3% | 10.000 |
| 20.000 | до | 30.000 | 500 + 4% | 20.000 |
| 30.000 | до | 40.000 | 900 + 5% | 30.000 |
| 40.000 | до | 50.000 | 1.400 + 6% | 40.000 |
| 50.000 | до | 60.000 | 2.000 + 7% | 50.000 |
| 60.000 | до | 70.000 | 2.700 + 8% | 60.000 |
| 70.000 | до | 80.000 | 3.500 + 9% | 70.000 |
| 80.000 | до | 90.000 | 4.400 + 10% | 80.000 |
| 90.000 | до | 100.000 | 5.400 + 11% | 90.000 |
| 100.000 | до | 120.000 | 6.500 + 20% | 100.000 |
| 120.000 | до | 150.000 | 10.500 + 35% | 120.000 |
| 150.000 | до | 200.000 | 21.000 + 60% | 150.000 |
| | над | 200.000 | 51.000 + 90% | 200.000 |

Обврзниците на данокот на вкупниот приход на граѓаните, кои покрај редовните лични доходи од став 1 на овој член, оствариле дополнителни приходи од други извори што подлежат на плаќање на данок по основ на вкупниот приход на граѓаните, плаќаат зголемен данок, кој е сразмерен на процентот на учеството на дополнителните приходи во вкупните приходи остварени во текот на годината.

Процентот на зголемување на данокот од став 1 на овој член се заокружува во цели броеви и тоа: децималот од 0,50% се брише, а децималот над 0,50% се заокружува на повисокиот процент.

Член 6

Приходот од данокот на вкупниот приход на граѓаните и се отстапува во целост на општината на чие подрачје се остварува.

Член 7

Се ослободуваат од плаќање данок од личен доход од работен однос за 1983 година работниците во основните организации на здружениот труд од основното и средното насочено образование.

Член 8

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 45/72, 45/73, 9/74, 48/74, 46/75, 4/77, 44/77, 9/78, 41/78, 37/79, 42/80, 43/80 и 38/81).

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

**715.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3331
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 45/77, 9/78, 43/78 и 38/81), членот 18 се менува и гласи:

„Член 18

Данок од личен доход на работниците плаќаат работниците во работен однос во организациите на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, работниците вработени кај работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните, како и работниците на работа кај други физички и граѓанско-правни лица.

Данок од личен доход од став 1 на овој член плаќаат и лицата избрани, односно именувани на самоуправна, јавна или друга општествена функција, ако по таа основа примаат личен доход."

Член 2

По член 22 се додава нов член 22-а, кој гласи:

„Член 22-а

Се ослободуваат од плаќање данок од личен доход работниците вработени во организациите на здружениот труд — рудници за експлоатација на јаглен и производство на термоелектрична енергија".

Член 3

Во член 32 став 1 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и сите други лица што остваруваат личен доход од земјоделска дејност по тој основ."

Член 4

Во член 34 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно вистинскиот доход"

Член 5

Во член 38 се додаваат два нови става, кои гласат:

„За земјиштето што неоправдано не се обработува за земјоделско производство повеќе од една година се плаќа данок од земјоделство во висина на катастарскиот приход.

Се смета дека земјиштето оправдано не се обработува ако даночниот обврзник не го обработува земјиштето поради трајна болест која предизвикала неспособност за работа на него и на работоспособните членови на семејството, како и од други оправдани причини, што со својот акт ќе ги утврди општината".

Член 6

Член 46-а се менува и гласи:

„Член 46-а

На даночните обврзници на данокот од земјоделство што земјоделското производство од пченица, јачмен, 'рж, маслодајни растенија и шеќерна репка го продадат преку откуп на овластени организации им се дава даночно олеснување во висина од 10% од продажната вредност на откупените производи, но најмногу до вкупното годишно задолжение со данок по тој основ.

Поблиски прописи за начинот на давање даночно олеснување ќе донесе функционерот што раководи со републичкиот орган на управата надлежен за работите на финансиите."

Член 7

Во член 49 став 3 бројот „60" се заменува со бројот „65", а бројот „55" се заменува со бројот „60".

Член 8

Во член 50 став 1, зборовите „кои се занимаваат со земјоделство" се заменуваат со зборовите: „на кои земјоделството им е единствено занимање."

Член 9

Во член 53 став 2 по зборот „стапки", се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат."

Член 10

Во член 65 се додава став 2, кој гласи:

„Основицата на данокот од вршење на дејноста за обврзниците што се оданочуваат според вистински доход, по правило, не може да биде пониска од просечните годишни лични доходи во стопанството во општините за обврзниците што вршат стопанска дејност, односно просечните годишни лични доходи во нестопанството за обврзниците што вршат професионална дејност, а за адвокатите од просечните годишни лични доходи на судиите во општинскиот суд."

Член 11

Во член 67 ставот 1 се менува и гласи:

„Вкупниот приход остварен во календарската година за која се врши утврдување на данокот, нужните трошоци за остварување на тој приход односно доходот, како и даночната основица на обврзниците што се оданочуваат според вистински доход им се утврдуваат врз основа на работните книги".

„Во став 2 точка 1 зборот „приходи" се заменува со зборот „прометот", а во точката 2, по зборот „материјали", се додава зборот „трошоци" и се става точка, а сврзникот „и" се брише.".

Член 12

Во член 68 став 2 се менува и гласи:

„Општината може да ја прошири обврската за евидентирање на прометот преку регистар — каса и на други дејности, односно обврзници".

Член 13

Во член 73 став 1 по точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:

„2-а) со споредување со обврзник од иста или слична дејност на кого основицата на данокот му е утврдена врз основа на прибрани податоци".

Член 14

Во член 74 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Годишниот паушален износ на данокот од вршење на дејност се пропишува во зависност од условите под кои се врши дејноста, по правило, не може да биде помал од 50% од данокот што би се пресметал на годишниот гарантиран личен доход во стопанството во општината".

Член 15

Член 76 се менува и гласи:

„Стапките на данокот од вршење на дејност на основиците до висината на двократниот просечен годишен личен доход во стопанството, односно нестопанството се пропорционални, а на основиците над тој износ — прогресивни.

Стапките на данокот од став 1 на овој член се различни и се утврдуваат зависно од видот на дејноста, условите под кои се врши дејноста и местото каде што се врши дејноста".

Член 16

Во член 99 став 1 бројот „1.000" се заменува со бројот „2.000".

Член 17

Член 101 се брише.

Член 18

Член 110 се менува и гласи:

„Член 110

На имотот во сопственост на граѓаните (станбени згради, делови од згради, станови, деловни згради и деловни простории, згради и станови за одмор и закрепнување, гаражи и други градежни објекти и простории), се плаќа данок на имот".

Член 19

Во член 113 се додава став 2, кој гласи:

„Стапките на данокот на имот за станбените згради и станови во селските населби кои служат за живеење се пониски".

Член 20

Член 114 се брише.

Член 21

Во член 115 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Зградата, станот или другиот градежен објект во смисла на став 2 од овој член се смета дека се користат ако се изградени, ставени под покрив или друга конструкција, малтерисани од внатрешната страна и со вградени врати и прозорци, независно од тоа дали градежните работи се завршени во целина или не".

Член 22

Во член 116 став 1 после точката 4 се додава нова точка 4-а која гласи:

„4-а) Зградите што се прогласени за културно-историски споменици".

Член 23

Член 117 се менува и гласи:

„Член 117

Сопствениците на новоизградени станбени згради и станови се ослободуваат од плаќање на данок на имот за време од 15 години, сметајќи од првиот ден на следниот месец на почетокот на употребата на зградата или станот во кој се вселуваат, односно живеат сами или со членовите на своето потесно семејство.

Ослободувањето од став 1 на овој член се дава под услов зградата да е изградена по пропишана постапка на надлежен орган.

Престанокот на условите за ослободување од плаќање данок, даночниот обврзник е должен да го пријави на органот за приходи во рок од 15 дена, од денот на престанокот на условите.

Ослободувањето од плаќање на данок на имот од став 1 на овој член се однесува и на новоизградените станбени згради, односно станови изградени до влегувањето во сила на овој закон.

За дадените даночни ослободувања од став 1 на овој член, општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите води посебна евиденција".

Член 24

По член 117 се додава нов член 117-а, кој гласи:

„Член 117-а

Општината може да пропише да се ослободат од плаќање данок сопствениците на станбени згради, односно станови во кои тие живеат со членовите на своите потесни семејства до одредена корисна површина по член на семејство, а под услов семејството да нема друг стан, односно семејна станбена зграда".

Член 25

Во член 118 и член 120, став 1, во вториот и последниот ред зборот „неподвижен" се брише.

Член 26

Во член 119 на крајот од реченицата, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „и подвижен имот, како и пари".

Член 27

Во член 125 став 1 точката се брише и се додаваат зборовите: „и друго општествено правно лице".

Член 28

Во член 128 по став 1 се додава нов став 1, кој гласи:

„Исплатувачот на личните доходи, односно приходите од став 1 на овој член е должен писмено да го извести даночниот обврзник за пресметаниот и наплатениот данок".

Член 29

По член 133 се додава нов член 133-а, кој гласи:

„Член 133-а

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите води матична книга за обврзниците на даноците со податоците што служат за утврдување и следење на данокот на обврзниците.

Формата, содржината и начинот на водење на матичната книга ги пропишува функционерот што раководи со републичкиот орган на управата, надлежен за работите на финансиите".

Член 30

Во член 135 став 2 се брише.

Став 3, се менува и гласи:

„Даночниот обврзник што ќе поднесе даночна пријава по рокот од став 1 на овој член, се задолжува, покрај редовниот данок и со зголемен данок од 30%".

Член 31

Во член 162 ставот 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а за исплатителот од став 3 на член 160 го извршува општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите".

Член 32

Во член 173 став 1 по зборот „земјиште", се додаваат зборовите: „и друга недвижност".

Член 33

Во член 175 стапката „12" се заменува со стапката „24%".

Член 34

Во член 220 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите ги наплатил пристигнатите обврски на друг начин пред исплатителот да постапи по налогот за запирање од сметката односно потврдата, е должен за тоа без одлагање да го извести исплатителот и даночниот обврзник".

На крајот на членот се додава нов став кој гласи:

„Со прописот донесен врз основа на став 4 на овој член, одделни категории на обврзници на данок можат да се исклучат од обврската за поднесување на сметката, односно потврдата до општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите во кој се задолжуваат со даноци, заради евидентирање".

Член 35

Во член 222 по зборот „помош", се става точка, а зборовите: „од општината" се бришат.

Член 36

Во член 223 став 1 по зборот „данок", се става запирка и се додаваат зборовите: „камата и трошоци".

Член 37

Во член 237 став 1 точката 2 се менува и гласи: „ако не ја води неуредно, неажурно или неточно ја води книгата за набавка на материјали и трошоци (член 67 став 1 точка 2 и член 70)".

Точката 3, се менува и гласи: „ако не води помошна евиденција (член 67 став 5 и член 70)".

Во точка 6, зборовите во заградата: „ставови 1 и 2" се бришат.

Во став 2 зборовите: „одземање на дозволата" се заменуваат со зборовите: „забрана на".

Член 38

По член 237 се додава нов член 237-а, кој гласи:

„Член 237-а

На даночниот обврзник што сторил прекршок од член 237 точките 2 до 5 на овој закон повеќе од два пати во текот на годината, или не ги намирил обврските повеќе од една година, може да му се изрече заштитна мерка забрана на вршење на дејноста во траење од 6 месеци".

Член 39

Во член 242 став 1 по точка 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:

„4-а) ако писмено не го извести даночниот обврзник за пресметаниот и уплатениот данок (член 128 став 2)".

Член 40

Во член 244 во точка 1 зборовите: „односно индивидуалниот" се бришат.

Член 41

Во текстот на Законот зборовите: „органот за приходи на општината" се заменуваат со зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите", а зборовите: „републичкиот секретар за финансии" се заменуваат со зборовите: „функционерот што раководи со републичкиот орган на управата надлежен за работите на финансиите".

Член 42

По исклучок од член 10 на овој закон Републиката и општините ќе ги донесат прописите за стапките на даноците за 1983 година најдоцна до 28 февруари 1983 година.

Член 43

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

---

**716.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА И ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ВО 1982 ГОДИНА

Се прогласува Законот за користење на вишоците на приходите на општините и Републиката и вишоците на приходите на самоуправните интересни заедници во 1982 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3307
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА И ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Вишоците на приходите на буџетите на општините и Републиката и вишоците на приходите на самоуправните интересни заедници, кои се издвоени на посебни сметки според Законот за начинот на располагање со вишоците на приходите на буџетите на општествено-политичките заедници и со вишоците на приходите на самоуправните интересни заедници во 1982 година („Службен лист на СФРЈ" број 66/81), ќе се користат за стимулирање на извозот на стоки и услуги.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон ќе се користат според одлука на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, по предлог на Самоуправната интересна заедница на Македонија за економски односи со странство.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**717.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА И СТОПАНСКИ ПРЕСТАПИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3305
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА И СТОПАНСКИ ПРЕСТАПИ

Член 1

Во Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" број 19/79), член 192 се брише.

Член 2

Во член 193, запирката по зборовите „Собранието на СРМ" се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 3

Во член 232 став 4 се менува и гласи:

„Средствата од одземената имотна корист се приход на Републиката и се уплатуваат на посебна сметка а ќе се користат според програма што ја донесува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија".

Член 4

Во член 237 став 1 и член 244 став 1 се бришат зборовите „се внесуваат во Буџетот на Републиката", точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „се приход на Републиката, се уплатуваат на посебна сметка и ќе се користат според програма што ја донесува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија".

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

---

**718.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3304
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Член 1

Во Законот за прекршоците („Службен весник на СРМ" број 29/73, 41/74 и 13/78), во член 27 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „и се уплатуваат на посебна сметка а ќе се користат според програма што ја донесува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија".

Член 2

Член 247 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

---

**719.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за судските такси,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година.

Бр. 08-3303
30 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на, Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.
Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за судските такси („Службен весник на СРМ" број 46/72, 34/75, 46/75 и 42/80), член 13-а се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

---

**720.**

Врз основа на член 389 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 2 од Законот за Советот на Републиката („Службен весник на СРМ" број 47/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничките седници на сите собори, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА

За членови на Советот на Републиката се избираат:

Абдула Абдурахман, Ајановски Вангел, Алексовски Борис, Алексов Димитар, Алиевски Нафи, Алили Јашар, Арсова Ленче, Арсовски Боро, Атанасов Герасим, Бакалиноска Ратка, Беговски Цавид, Биљановски Златко, Влажевски Мире, Влажевски Пејко, Богоев д-р Ксенте, Воздов д-р Стерјо, Божиновски Ангеле, Бојановски Диме, Бошкова Мери, Брајковска Ката, Брзилов Димитар, Бурзевски Ванчо, Вели Седат, Вранешевиќ Милка, Гиновски Лазар, Георгиевски Кирил, Груевски Александар, Дамески Ѓоре, Дема Галип, Димески Мице, Димитриевски Димче, Домузлиски Димитрија, Ду-

ковски Ристо, Ѓошевски Трајан, Емин Идриз, Златев Васил, Ибраими Ибро, Ивановски Михајло, Игновски Павле, Јаневски Коце, Калајџиски Лазар, Камберски Јово, Каневче Аспарух, Карбева Маца, Кардула Вергула, Кираџиски Димче, Коломонос Жамила, Коробар Перо, Костадиновски Јордан, Крстевска Ратка, Кузмановски Орде, Кутурец Тома, Левков Благој, Левков Димче, Манева Љиљана, Милошевски Михајло, Милошевски Тихомир, Миновски Мино, Миновски д-р Димитар, Михајловски Кирил, Михајловски Ангеле, Михајлова Филимена, Мургешански Михајло, Мусли Кемал, Муча Керима, Менков Перо, Најдовски Кице, Настевски Тодор, Наумовска Ели, Наумовски, Круме, Неделковски Јонче, Несторовски Аризан, Нечевски Вангел, Новаков Глигор, Новачески Петре, Османи Абдула, Оровчанец Вера, Оровчанец Илија, Панзов Борис, Пановска Анести, Пановски Стојан, Пејов Наум, Пекевски Боро, Пере Рупе, Поповска Блага, Поповски Томо, Попова Бета, Попов Никола, Рампова-Велчева Блага, Рибаровски Ѓоре, Ристоманов Благоја, Секуловска Денче, Симитчиев д-р Асен, Спон Исак, Солунски Коце, Софрониевски Томо, Спировски Драган, Стојановски Димче, Стојковски Бранко, Стојковски Трајко, Таки Хамид, Ташковски Панде, Теменугов Мито, Тикварски Благоја, Тозија Фана, Тодоровски Живко, Толевски Панде, Трајковски Танаско, Трајковски Трајко, Тутевска Ценка, Ќосев Стојан, Ќостаров Димитар, Унковски Ванчо, Фончев Ванчо, Фрицханд Бранко, Хаџипоповски Лазар, Цветковски Ванчо, Чаршавски Димитар, Чашуле Коле и Шкартов Љупчо.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3322
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

---

**721.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничките седници на сите собори, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судии на Врховниот суд на Македонија се избираат:

— Трајко Ников, судија на Врховниот суд на Македонија

— Миладин Стојанов, судија на Окружниот суд во Скопје и

— Даринка Стојановска, судија на Окружниот суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3268
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

**722.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничките седници на сите собори, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ И ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО ШТИП

I

Се разрешува од должноста судија на Окружниот стопански суд во Скопје, поради исполнување услови за пензија

Душко Костиќ.

Разрешувањето се врши со важност од 31 декември 1982 година.

II

За судии на Окружниот стопански суд во Скопје, се избираат:

— Мирјана Карева, судија на Окружниот стопански суд во Скопје,

— Јован Ичев, судија на Окружниот стопански суд во Скопје,

— Даница Младеновска, судија на Окружниот стопански суд во Скопје,

— Ружица Топличанска, судија на Општинскиот суд Скопје II,

— Хариклија Мартиновска, судија на Општинскиот суд Скопје I и

— Ристо Маринчевски, судија на Општинскиот суд Скопје I.

III

За судии на Окружниот стопански суд во Штип се избираат:

— Милан Јовановиќ, судија на Окружниот стопански суд во Штип и

— Благој Пилатов, претседател на Општинскиот суд во Штип.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3270
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

---

**723.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77 и 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничките седници на сите собори, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ОКРУЖЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ И РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БИТОЛА

Се разрешува окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола:

м-р Георги Ефтим Бундевски, поради истек на времето за кое е именуван.

За окружен јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола се именува:

— Илија Михајло Петровски, заменик на окружниот јавен обвинител во Битола.

Се разрешува заменикот на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола:

— Илија Михајло Петровски, поради именување на нова должност.

За заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола се именува:

— м-р Георги Ефтим Бундевски, окружен јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3271
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

**724.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничките седници на сите собори, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ И ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА

I

За судии на Окружниот суд во Скопје се избираат:

— Михаил Наумов, судија на Окружниот суд во Скопје, и

— Борис Атанасовски, судија на Окружниот суд во Скопје.

II

За судии на Окружниот суд во Битола се избираат:

— Сотир Манели, судија на Окружниот суд во Битола, и

— Славко Петковски, судија на Окружниот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3269
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

**725.**

Врз основа на член 44 од Законот за избор на членови на делегациите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ број 41/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничките седници на сите собори, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

I

Се разрешува од должноста секретар на Републичката изборна комисија Данчо Стојчески, поради исполнување услови за пензија.

Разрешувањето се врши со важност од 31 декември 1982 година.

II

За секретар на Републичката изборна комисија се именува Георгина Мицковска, самостоен советник во Стручните служби на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3272
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

**726.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

— Ленче Тасева,

— прим. д-р Михајло Ефремов и

— Захарица Мицкова.

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

— Саве Гацовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

— Трендафил Ивановски, секретар на Собранието на град Скопје и

— Љиљана Унковска, просветен работник во пензија, долгогодишен општествено-политички работник.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3321
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**727.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА НА КОНКУРСНИТЕ КОМИСИИ ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ВИСОКО ОБРАЗОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

За претставници на општествената заедница на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на директор на

ООЗТ Институт за овоштарство при Земјоделскиот факултет во Скопје се именуваат:

— Стојан Јовановски, делегат во Соборот на здружениот труд по производство во СОЗТ „Треска“ — Скопје, и

— Панче Карталов, советник во Задружниот сојуз на Македонија.

За претставници на општествената заедница на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на директор на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

— Александар Донев, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

— Нуредин Мимидиновски, извршен секретар на Градскиот комитет на СКМ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3320
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**728.**

Врз основа на член 150 став 2 од Законот за водите („Службен весник на СРМ“ број 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВОТО

Се дава согласност на Одлуката за основите и мерилата за формирање на висината на придонесите за водостопанството бр. 68/2, што Собранието на Самоуправната интересна заедница за водостопанство ја донесе на седниците од 2 јули и 6 декември 1982 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3308
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Сервет Салиу,** с. р.

---

**729.**

Врз основа на член 73 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ“ број 15/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 и 30 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

За потребите на Републиката и на општините во 1983 година, се утврдува вкупен износ на девизи во динарска противвредност од 675.000,000 динари.

Член 2

Обемот на девизите и правото на купување на девизи за потребите на Републиката и општините, односно за нивните органи и организации ќе ги утврди, по одделни намени и корисници, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 3

До утврдувањето на распоредот на девизите според член 2 од оваа одлука се овластува републичкиот секретар за финансии да може да одобрува користење на средства по барање на одделни корисници, кои во секој поединечен случај не го надминуваат износот од 100.000 динари.

Член 4

Со девизите од член 1 на оваа одлука можат да се вршат плаќања до 31 декември 1983 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3275
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р **Илија Черепналковски,** с. р.

---

**730.**

Врз основа на член 31 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ број 21/71 и 24/73), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 декември 1982 година и на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците одржани на 27 и 30 декември 1982 година, донесоа

## ПРОГРАМА
### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1983 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат обемот на правата и поблиските критериуми за спроведување на задолжителните видови на здравствена заштита.

II

ОТКРИВАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ, СУЗБИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА, ВЕНЕРИЧНИТЕ И ДРУГИТЕ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ШТО ПОДЛЕЖАТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Мерките против туберкулозата ги опфаќаат сите форми на белодробната и вонбелодробната туберкулоза, означени во Меѓународната класификација на болестите, повредите и причините за смрт на IX-та ревизија на категориите од 010 до 018.

Масовните радиографски снимања на населението, систематските прегледи на определени групи население, како и масовните тестирања со туберкулин, се вршат врз основа на Програмата на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, според епидемиолошките индикации.

Масовните радиографски снимања за рано откривање на туберкулозата и други градни заболувања во 1983 година ќе се вршат на населението над 14-годишна возраст во општините: „Карпош" — Скопје, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Кичево, Битола и Демир Хисар.

Горните прегледи ќе ги вршат Институтот за градни болести и туберкулоза на СР Македонија, антитуберкулозните диспанзери при медицинските центри и здравствените домови.

Патронажни посети ќе се вршат на заболени од туберкулоза трипати во годината, а на заболените од неактивна форма на туберкулоза најмалку еднаш годишно.

Посетите ги вршат антитуберкулозните диспанзери при здравствените домови и медицинските центри.

Епидемиолошки надзор ќе се врши на лицата со неактивна туберкулоза со клинички, рендгенски и бактериолошки прегледи, најмалку еднаш во годината, односно на лицата кои се во контакт со заболени, а постои сомневање за заболување (според медицинските индикации) најмалку двапати во годината.

Погоре наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови и медицинските центри.

Во групата на венерични болести за кои се програмираат мерки за откривање, спречување, сузбивање и лекување, спаѓаат заболувањата наведени во Меѓународната класификација на болестите, повредите и причините за смрт, ревизија во категориите од 090 до 099.

Откривањето, спречувањето, сузбивањето и лекувањето се изведува, по правило, под раководство на специјалист-дерматовенеролог. Во местата каде што нема такви лекари, со тие задачи можат да раководат и лекари од општа медицина.

Посебните мерки за откривање, спречување, сузбивање и лекување на туберкулозата, венеричните и други заразни болести се однесуваат на заразните болести кои задолжително се пријавуваат врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести кои ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ" број 58/78 — Пречистен текст) и Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на СРМ" број 18/76 и 18/82).

Посебните мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, заводите за здравствена заштита, институтите и клиниките на Универзитетскиот центар за медицински науки, специјалните и општите болници во рамките на својот делокруг на работа.

Покрај мерките за откривање, спречување, сузбивање и лекување на туберкулозата, венеричните и други заразни болести, во 1983 година ќе се спроведуваат и други мерки и активности предвидени со Програмата за подобрување на санитарно-хигиенската и епидемиолошката состојба во СР Македонија за периодот 1981—1985 година, а за откривање на маларијата ќе се врши пасивен надзор според епидемиолошките индикации.

Задолжителна имунизација против заразните болести ќе се врши и според Програмата за спроведување на задолжителна имунизација на населението против заразни болести во 1983 година што ја донесува Републичкиот комитет за здравство и социјална политика.

Погоре наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, заводите за здравствена заштита, клиниките и општите болници.

## III
## НЕГА, ЛЕКУВАЊЕ И ПРЕВОЗ НА БОЛНИ ОД ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ КОИ ПОРАДИ ПРИРОДАТА И СОСТОЈБАТА НА БОЛЕСТА МОЖАТ ДА ГО ЗАГРОЗАТ СВОЈОТ ЖИВОТ И ЖИВОТИТЕ НА ДРУГИ ЛИЦА ИЛИ ДА ГИ ОШТЕТАТ МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА НА ОКОЛИНАТА

Дијагноза за душевни заболувања или состојби поставува лекар, а потребата од лекување и изолација може да ја утврди само лекар — невропсихијатар.

Лесните форми на овие заболувања, односно ремисии на заболувањето, можат да се лекуваат и амбулантно, но само по индикации, под надзор и упатство од лекар — невропсихијатар. Лекувањето на болни од душевни болести се спроведува во болничките одделенија на медицинските центри, во специјалните болници за душевни болести и во невропсихијатриска клиника.

Мерките за здравствена заштита се однесуваат на заболени од следниве манифестни видови на психози: шизофрени групи, манијако-депресивни групи, инволутивни меланхолии, паранои, сенилни и пресенилни психози со артериосклероза на мозокот, алкохолни психози, епилепсија со психотични промени, симптоматски психози, како и поблиску означени психози.

Прегледот, лекувањето и евиденцијата ги вршат соодветни здравствени организации во своите простории или во станот на болниот според медицинските индикации, вклучувајќи ги специфичните лекови (психофармака).

Превозот се врши со санитетски коли или со други превозни средства според медицинските индикации.

## IV
## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖЕНАТА ВО ВРСКА СО БРЕМЕНОСТА, ПОРОДУВАЊЕТО, МАЈЧИНСТВОТО И КОНТРАЦЕПЦИЈАТА

Здравствената заштита во врска со бременоста, породувањето, мајчинството и контрацепцијата опфаќа:

1. Во текот на бременоста:

— 3,2 посети по бремена или вкупно околу 128.000 посети во советувалиште за бремени;

— по 1,2 патронажна посета по бремена или вкупно околу 48.000 патронажни посети и

— лабораториско иследување на крвни групи, РХ фактор и Васерман еднаш на сите прворотки или вкупно околу 14,500, на урината двапати по бремена или вкупно околу 80.000, а на хемоглобин и еритроцити најмалку еднаш или кај околу 40.000 бремени жени. Кумпсов тест 2 пати кај РХ негативните во интервал од неколку недели.

2. Стручна помош при раѓањето во здравствени организации или во домот на родилката ќе се обезбеди за околу 83%, односно 33.200 родилки.

3. Во текот на леунството:

— една посета по леунка или вкупно околу 39.000 посети во советувалиште во првите шест недели по раѓањето и

— 2,0 патронажни посети во домот на леунката или вкупно околу 80.000 посети.

4. Следење, посебен надзор и контрола на жените по првото прекинување на бременоста со најмалку една патронажна посета после абортус или вкупно околу 26.000 посети. Жените со РХ негативен фактор по првото прекинување на бременоста треба да добиваат анти Д гама глобулин.

5. Опфат на 10% или на околу 48.000 жени во генеративен период со совети за контрацепција и давање на контрацептивни средства без надомесок.

6. Прегледи и лекување на жената во здравствена организација или во станот, во случај на болест во врска со бременоста и компликациите во текот на бременоста или како последица на бременоста, породувањето и до 6 месеци по породувањето, вклучувајќи ги и лековите.

7. Забоздравствена заштита на жената во текот на бременоста и 6 месеци по породувањето без протетика.

8. Превоз со санитетски коли и други превозни средства при упатување во здравствена организација заради породување, во случај на болест во врска со бременоста и породувањето.

Задачите и мерките во наведениот обем ги вршат соодветните единици на здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките и Градската општа болница — Скопје.

## V
## ЦЕЛОСНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИНАТА ДО ДВАЕСЕТ ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Целосна здравствена заштита на децата и младината до дваесет годишна возраст опфаќа:

1. Стручна контрола на психичкиот и физичкиот развиток на децата и младината, патронажни посети и тоа на:

а) Новородено:

— целосен опфат на новородените во советувалишта и од патронажната дејност со достигнување на 2,0 патронажни посети по новородено (заедно со леунката) или вкупно околу 80.000 патронажни посети;

б) Доенче:

— 3,8 посети по доенче во советувалиште вклучувајќи го и новороденото или вкупно 150.000 посети. Првата посета е систематски преглед и

— просечно по 3,0 патронажни посети по доенче или вкупно околу 120.000 посети, а првата посета содржи лекарски преглед во домот на новороденото.

Патронажната посета особено ќе се врши на оние новородени деца и доенчиња кај кои постои поголем ризик за заболување;

в) Предучилишни деца:

— просечно по една патронажна посета на децата во втората година на возраст или вкупно околу 38.000 посети и

— просечно по една посета во советувалиште на децата во втората, третата и шестата година на возраст или вкупно околу 114.000 посети;

г) Училишни деца и младина до дваесет годишна возраст:

— систематски прегледи на учениците од I, IV и VII одделение на основните училишта;

— систематски прегледи на учениците во I и III година од средните училишта, и

— систематски прегледи секоја година на учениците во училиштата за средно образование за занимање.

Вкупно систематски прегледи до точка г) — околу 146.000.

2. Заштита и лекување на заби:

Систематски прегледи на забите, просечно еднаш во три години, откривање и санирање на аномалиите на забите, почнувајќи од третата година на животот со задолжителна санација.

Лекување на забите со примена на ортопедски мерки и давање протетички помагала, вклучувајќи ги и лековите.

3. Преглед, лекување и рехабилитација во сите здравствени организации или во станот според медицинските индикации, вклучувајќи ги и лековите и сите видови ортопедски помагала.

4. Сместување и згрижување на мајката — доилка на болно дете до една година од животот за време на лекувањето на детето во стационарна здравствена организација.

Задачите и мерките во наведениот обем ги вршат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките, специјалните и општите болници и заводите за медицинска рехабилитација.

## VI
## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЧИЛИШНАТА МЛАДИНА И РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ НА ВИШИТЕ И ВИСОКИТЕ ШКОЛИ ДО 26-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Здравствената заштита на училишната младина и студентите на вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии до крајот на пропишаното редовно школување, но најдоцна до навршените 26 години од животот, опфаќа:

1. Еден систематски преглед на студентите од вишите школи во I година на студиите, а за редовните студенти на факултетите и високите школи од I и II година на студиите во 1983 година;

2. Заштита и лекување на заби-преглед и лекување на заби;

3. Протетички и рехабилитациони мерки кај оштетувањето и кај ортопедските аномалии и деформитети, што ги вршат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките, специјалните болници и Заводот за медицинска рехабилитација на СР Македонија — Скопје.

Систематските прегледи се вршат според посебна програма изготвена од општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување.

## VII
## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МЛАДИНАТА ДО НАВРШЕНИТЕ 26 ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ ВО ВРСКА СО СПРЕЧУВАЊЕТО И СУЗБИВАЊЕТО НА РЕВМАТСКАТА ТРЕСКА

Здравствената заштита на младината до навршените 26 години од животот во врска со спречувањето и сузбивањето на ревматската треска опфаќа:

1. Спречување и сузбивање на лабораториските потврдени стрептококни заболувања на грлото и рецидиви на ревматска треска според медицинските и епидемиолошките индикации;

2. Лекување во здравствени организации и во станот, вклучувајќи ги и лековите.

Погоре наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките и специјалните болници.

## VIII
## РАНО ОТКРИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА МАЛИГНИТЕ НЕОПЛАЗМИ

Мерките за рано откривање и лекување на малигните неоплазми опфаќаат:

1. Пријавување на малигните неоплазми;

2. Систематски прегледи во врска со раното откривање на малигните неоплазми (според програмите на самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување);

3. Преглед и лекување на соодветни клинички и лабораториски верифицирани случаи во соодветни здравствени организации или во станот според медицинските индикации, опфаќајќи ги и лековите;

4. Патронажна посета на болните што се наоѓаат на домашно лекување, според медицинските индикации, најмалку еднаш во годината.

## IX
## РАНО ОТКРИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА ШЕЌЕРНАТА БОЛЕСТ

Мерките за превенција, рано откривање и лекување на шеќерната болест опфаќаат:

1. Пријавување на шеќерната болест;

2. Преглед и лекување на болниот од шеќерна болест во соодветни здравствени организации, вклучувајќи ги лековите и обезбедување на прибор и средства за лекување и самоконтрола.

Наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, а лекувањето — стационарните здравствени организации (медицинските центри и клиниките).

X

## РАНО ОТКРИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНИТЕ ОД ПРОГРЕСИВНА МУСКУЛНА ДИСТРОФИЈА

Мерките за рано откривање и лекување на болните од прогресивна мускулна дистрофија опфаќаат:

1. Еден систематски преглед во годината на сите членови на семејството на болните помлади од 20 години;

2. Преглед и лекување во определени здравствени организации или во станот на болниот, вклучувајќи ги и специфичните лекови;

3. Патронажни посети на болниот или на семејството на болниот еднаш во годината.

Наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, а лекувањето — специјалните здравствени организации.

XI

## ЦЕЛОСНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА НАД 65-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Целосната здравствена заштита на лицата над 65-годишна возраст опфаќа:

1. Преглед, лекување и рехабилитација во сите здравствени организации или во станот според медицинските индикации, вклучувајќи ги и лековите и сити видови ортопедски помагала;

2. Преглед и лекување на заби со примена на ортопедски мерки и давање на протетички помагала, вклучувајќи ги и лековите.

Прегледот и лекувањето се врши од здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките, општите и специјалните болници, Заводот за медицинска рехабилитација на СР Македонија и Институтот за градни болести и туберкулоза на СР Македонија.

XII

## ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ

Здравственото воспитување опфаќа:

Подигање на здравствената култура на населението по пат на организирање на програмска здравствено-воспитна работа со здраво и болно население, во секојдневната работа во советувалиштата, при патронажната посета и преку други форми.

При спроведувањето на програмската здравствено-воспитна работа во здравствените и други организации се користат методи на здравствено-воспитна работа со примена на нагледни здравствено-воспитни средства и уредување на средината и амбиентот

Здравственото воспитување го спроведуваат здравствените организации и организациите на Црвениот крст.

Во спроведувањето на здравственото воспитување здравствените организации и организациите на Црвениот крст соработуваат со месните заедници, организациите на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, средствата за јавно информирање, организациите на здружениот труд од областа на науката, образованието и воспитувањето, како и со други самоуправни организации и заедници.

XIII

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на Програмата за 1983 година ќе се врши според Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, и тоа:

— за осигурениците — работници и нивните членови на семејството — преку заедниците на здравството и здравственото осигурување на работниците;

— за осигурениците — земјоделци и нивните членови на семејството — преку самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување на земјоделците и партиципација на Републиката од Републичкиот буџет во висина од 79.000.000 динари:

— за неосигурените лица со познато живеалиште од буџетот на општините и

— за неосигурените лица со непознато живеалиште од Буџетот на Републиката.

XIV

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3332
30 декември 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

**731.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 28 декември 1982 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од изречената казна се прости на:

1. Ташевски Јован Живко од Битола,
2. Личина Хивзо Реџо, од с. Љубен.

II

Изречената казна затвор во траење од 2 месеца се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Марковиќ Милан Александар, од Параќин.

III

Изречената казна затвор во траење од 3 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Пешев Борис Постол, од Кочани.

IV

Изречената казна затвор во траење од 5 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Милески Симон Петар, од Струга.

V

Изречената казна затвор во траење од 6 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Туле Кадри Баки, од Дебар.

VI

Изречената казна затвор во траење од 6 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Сејдини Ресул Салија, од Кичево.

VII

Изречената парична казна во износ од 4.000,00 динари се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудената во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Петрова Славко Милица, од Скопје.

VIII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-771
28 декември 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Штип со решението Фи. бр. 129 од 6. VII. 1982 година, на регистарска влошка бр. 1-611-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Општинската самоуправна интересна заедница за водостопанство — Радовиш.

Основни дејности:

— обезбедува услови за остварување на плановите за одржување и користење на водостопанските објекти и постројки;

— заштита и одбрана од штетните дејства на водите;

— заштита од ерозија и уредување на пороји;

— донесување на годишен план за распределба на расположливите количини вода по корисници;

— обезбедува услови за остварување на плановите за одржување и користење на водостопанските објекти и постројки;

— дава мислење на општинскиот орган на управата надлежен за водостопанство во врска со издавањето на водостопански согласности за изградба, реконструкција или проширување, според чл. 41 од Законот за водите;

— врши и други дејности предвидени со Самоуправната спогодба на ОСИЗ за водостопанство.

Во правниот промет со трети лица Општинската самоуправна интересна заедница за водостопанство одговара со сите свои средства — целосна одговорност.

Основачите на Заедницата одговараат за обврските на истата.

Ристо Чаракчиев, директор во РО за стопанисување со водите „Мантово" — Радовиш, е овластен да ја застапува ОСИЗ за водостопанство — Радовиш, со неограничени овластувања.

Уписот се изврши во регистарот врз основа на самоуправните општи акти на Општинската самоуправна интересна заедница за водостопанство — Радовиш.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 129/82. (415)

Окружниот стопански суд во Штип со решението Фи. бр. 42 од 4. III. 1982 година, на регистарска влошка бр. 1-33-0-0 го запиша во судскиот регистар следното: Градската библиотека „Гоце Делчев" од Св. Николе престана да постои поради здружување со Домот на културата „Крсте Мисирков" од Свети Николе.

Уписот се изврши во регистарот врз основа на одлуката на Собирот на работните луѓе при Градската библиотека „Гоце Делчев" од Св. Николе, бр. 65 од 31. XII. 1981 година и одлуката на Домот на културата „Крсте Мисирков" од Св. Николе, бр. 199 од 31. XII. 1981 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 42/82. (416)

Окружниот стопански суд во Штип со решението Фи. бр. 136 од 26. X. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-430-0-0 го запиша во судскиот регистар следното: Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј, Ц. О. — Струмица, покрај запишаната дејност ќе обавува и:

— проектирање и изработка на идејни и изведбени проекти, како и проекти за конзервација и реставрација на објекти ставени под заштита на Законот, како и објекти кои се градат во заштитени подрачја, како урбани целини или природни реткости.

Уписот се изврши во регистарот врз основа на одлуката на Работната заедница на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј, Ц. О. — Струмица, бр. 191 од 31. VIII. 1981 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 136/81. (417)

Окружниот стопански суд во Штип со решението Фи. бр. 141 од 30. X. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-188-0-0 го запиша во судскиот регистар престанокот на РО поради припојување со следните податоци: Ученичкиот дом „Гоце Делчев", Ц. О. — Струмица престана да постои поради припојување кон Земјоделското училиште „Димитар Влахов" од Струмица, а го задржува статусот на работна единица.

Престанокот на работната организација се запиша во регистарот врз основа на одлуката на Собирот на работните луѓе на Ученичкиот дом „Гоце Делчев", Ц. О. — Струмица, бр. 02-113/1 од 16. VI. 1981 година и решението на Земјоделското училиште „Димитар Влахов" од Струмица за давање согласност за припојување бр. 02-769/1 од 3. X. 1981 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 141/81. (418)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 425 од 25. X. 1982 година, на регистарска влошка бр. 2-1730-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената-проширувањето на дејноста на Земјоделската задруга „Црноречие", Р. О. — Камен Дол — Кавадарци со следните податоци: Дејноста на задругата се проширува со следните споредни дејности:

— промет на големо со житарици;

— промет на големо со овошје и зеленчук;

— промет на големо со стока (живина и добиток);

— промет на големо со животни намирници.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 425/82. (426)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 831/81 од 25. X. 1982 година, на регистарска влошка бр. 3-1779-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Општинската самоуправна интересна заедница за патишта, Ц. О. — Кратово, ул. „Маршал Тито" бр. 13. Општинската самоуправна интересна заедница е основана врз основа на Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80), а со Самоуправна спогодба за основање, склучена на 10. II. 1982 година.

Основни дејности: 140213 — општинска самоуправна интересна заедница за патишта.

Општинската самоуправна интересна заедница во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а во рамките на овластувањата утврдени со Самоуправната спогодба за нејзиното основање.

За своите обврски сторени во правниот промет со трети лица ОСИЗ одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Петко Михајловски, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 831/81. (427)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1096 од 15. XI. 1982 година, на регистарска влошка бр. 1-290-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Крсте Мисирков", Ц. О. — Скопје со следните податоци: Се брише од судскиот регистар досегашниот застапник Станоевски Светозар, в. д. директор, без ограничување, а како нов застапник се запишува Костов Кирило, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1096/82. (428)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1067 од 10. XI. 1982 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Карпош", О. Сол. О., со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош" — Скопје, ул. „Пиринска" бр. 161, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Злата Ивановска, в. д. директор, а се запишува како нов застапник Јордановска Даринка, в.д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1067/82. (429)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1078 од 8. XI. 1982 година, на регистарска влошка бр. 2-1609-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето-поблиската одреса на Монтажно-инсталатерската задруга — инсталатерска задруга „Електромон" — Скопје, ул. „Владимир Комаров" бр. 7/5, нас. „Острово" се менува и гласи: Монтажно-инсталатерска задруга „Електомонт" — Скопје, ул. „II. македонска бригада" бр. 68, нас. Бутел II — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1078/82. (430)

## РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ

Врз основа на решението У. бр. 08-2458/1 од 1. X. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии под рег. бр. 48, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Пачарски Павле Петар, село Будинарци, Берово. Предмет на работењето на дуќанот е: вршење занаетчиски услуги од областа на ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Пачарски Павле Петар. (46)

Врз основа на решението У. бр. 08-65 од 10. V. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 234, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач: Димитровски Михаил Душан с. Панчарево, Берово. (40)

Врз основа на решението У. бр. 08-70/1 од 15. V. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 3, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондураџија Китански Димитар Глигор од Пехчево. (41)

Врз основа на решението У. бр. 08-109/1 од 15. VII. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 11, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан за производство на сода-вода и други безалкохолни пијалаци на Здравковска Јован Зора од Берово.

Врз основа на решението У. бр. 08-143 од 1. X. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 42, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Пачарски Павле Петар, с. Будинарци, Берово. (43)

Врз основа на решението У. бр. 08-141/1 од 1. X. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии под рег. бр. 46, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер Армонски Киров Митко од Берово. Предмет на работењето на дуќанот е: вршење занаетчиски услуги од областа на берберскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Армонски Киров Митко. (44)

Врз основа на решението У. бр. 08-153/1 од 7. X. 1982 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии под рег. бр. 47, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Столарски занаетчиски дуќан „Елка" на Мадевски Илија Васил, с. Русиново, Берово. Предмет на работењето на дуќанот е: вршење занаетчиска дејност од дрвопреработувачка струка.

Фирмата ќе ја потпишува Мадевски Илија Васил. (45)

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 712. | Републички буџет за 1983 година — — | 937 |
| 713. | Закон за извршување на Републичкиот буџет за 1983 година — — — — — | 969 |
| 714. | Закон за републичките даноци на граѓаните — — — — — — — — — | 971 |
| 715 | Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните — | 972 |
| 716. | Закон за користење на вишоците на приходите на општините и Републиката и вишоците на приходите на самоуправните интересни заедници во 1982 година | 974 |
| 717. | Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи — — — | 975 |
| 718. | Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците — — — — | 975 |
| 719. | Закон за изменување на Законот за судските такси — — — — — — — | 975 |
| 720. | Одлука за избор на членови на Советот на Републиката — — — — — — | 975 |
| 721. | Одлука за избор на судии на Врховниот суд на Македонија — — — — — — | 976 |
| 722. | Одлука за разрешување и избор на судии на Окружниот стопански суд во Скопје и Окружниот стопански суд во Штип — — — — — — — — — | 976 |
| 723. | Одлука за разрешување и именување на окружен јавен обвинител и разрешување и именување на заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола — — | 976 |
| 724. | Одлука за избор на судии на Окружниот суд во Скопје и Окружниот суд во Битола — — — — — — — — | 977 |
| 725. | Одлука за разрешување и именување секретар на Републичката изборна комисија — — — — — — — — — | 977 |
| 726. | Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје — — — — | 977 |
| 727. | Одлука за именување претставници на општествената заедница на конкурсните комисии за избор на директор на високообразовни организации — — — — | 977 |
| 728. | Одлука за давање согласност на Одлуката за основите и мерилата за формирање на висината на придонесите за водостопанство — — — — — — — | 978 |
| 729. | Одлука за утврдување на вкупниот износ на девизите наменети за потребите на Републиката и на општините за 1983 година — — — — — — — — — | 978 |
| 730. | Програма за спроведување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението во Социјалистичка Република Македонија во 1983 година — | 978 |
| 731. | Одлука за помилување на осудени лица | 982 |


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10-а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401000-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**